РАМКОВЕН ДОГОВОР

ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕКОТ НА ДЕНОТ

(без банкарска гаранција)

помеѓу

Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со регистрирано седиште на ул. 11 Октомври бр. 9-Центар, со скратено име АД ЕСМ-Скопје, со ЕДБ: 4030005560757, претставувано од генералниот директор м-р Лазо Узунчев, во понатамошниот текст **корисник на услуга**,

и

_________________________________, со седиште на ул.________________________________, со ЕДБ: (_____________________), претставувано од управител _______________________________________, во понатамошниот текст **давател на услуга**.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

(1) Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни при набавка, испорака и преземање на електричната енергија, вклучувајќи ги условите за секоја поединечна набавка на електрична енергија во текот на денот кои ќе бидат специфицирани во индивидуален договор за набавка на електрична енергија во текот на денот, во понатамошниот текст (Индивидуален договор).

**ЦЕЛ И СТРУКТУРА НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

(1) Обезбедена услуга: Договорните страни од овој Договор може, но не се обврзани, да влезат во користење на услугата за набавка на електрична енергија во текот на денот. Секоја набавка на електрична енергија ќе се изврши во согласност со овој Договор и ќе се допрецизира во Индивидуален договор.

**ИНДИВИДУАЛЕН ДОГОВОР**

**Член 3**

(1) Индивидуалниот договор за набавка на електрична енергија во текот на денот содржи:
- информации за договорната страна - корисник на услуга
  - одговорните лица за контакт,
- информации за договорната страна – давател на услуга
  - одговорните лица за контакт,
- Карактеристики на набавената електрична енергија:
  - договорна моќност, изразена во MW;
  - единечна цена на електрична енергија изразена во евра/MWh, без вклучен ДДВ;
  - време на започнување и време на завршување на набавката;
  - времетраење на набавката;
  - EIC код на давател на услуга;
  - EIC код на корисник на услуга;
  - фактурирање и услови на плаќање;
  - останати услови што не се наведени во овој Договор;

**ОСНОВНИ ОБВРСКИ**

**Член 4**

**Обврски на давателот на услуга**:

(1) Давателот на услуга се обврзува да испорача електрична енергија согласно Индивидуалниот договор и овој Договор, освен во случај на виша сила.
(2) Давателот на услуга ја гарантира испораката на електрична енергија согласно Индивидуалниот договор и овој Договор, освен во случај на виша сила.
(3) Давателот на услуга ги сноси сите ризици и ќе биде одговорен за сите трошоци или давачки наметнати или поврзани со испорака на договорната количина на набавена електрична енергија од Индивидуалниот договор до и во точката за испорака.

**Обврски на корисникот на услуга**:

(4) Корисникот на услуга се обврзува да ја купи и да ја преземе договорената количина електрична енергија во точката на испорака во временски период, количини и времетраење согласно со Индивидуалниот договор и овој Договор, освен во случај на виша сила.
(5) Корисникот на услуга го гарантира преземањето на набавената електрична енергија согласно со Индивидуалниот договор и овој Договор и, освен во случај на виша сила, ќе му плати на давателот на услуга за набавената количина на електрична енергија по договорената цена согласно со Индивидуалниот договор и со Рамковниот договор.
(6) Корисникот на услуга ги сноси сите ризици и ќе биде одговорен за сите трошоци или давачки наметнати или поврзани со преземање на договорените количини на електрична енергија од точката за испорака.

**ИСПОРАКА НА НАБАВЕНАТА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 5**

(1) Испораката на набавената електрична енергија од давателот на услуга до корисникот на услуга ќе започне согласно со периодот за набавка наведен во барање понуда (БП).
(2) Договорните страни испраќаат трговски часовен распоред TPS (Trade Party Schedule) до систем - операторот за договорената набавка на електрична енрегија.
(3) Договорните страни се согласуваат, по завршување на набавката на електрична енергија, давателот на услуга да му достави на корисникот на услуга извештај за набавка (потпишан и заверен скениран документ) наредниот ден до 11:00 часот согласно со централно европско време (CET), којшто ќе го содржи вкупното количество на набавена електрична енергија, единечната цена на електричната енергија и вкупната вредност на набавената електрична енергија, без вкалкулиран ДДВ.
(4) Корисникот на услуга, по приемот на извештај за набавка на електрична енергија, во рок од еден (1) работен ден го потврдува по писмен пат (со размена на потпишани и заверени скенирани документи по електронска пошта) количеството и договорната вредност на набавената електрична енергија.
(5) Давателот на услуга ќе го користи извештајот за набавка на електрична енергија како основа за подготовка на фактура за набавената електрична енергија за предметниот период, којашто ќе ја испрати до корисникот на услуга.

## ПРЕСМЕТКА, ФАКТУРИРАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ

### Член 6

(1) Давателот на услуга ќе му испрати на корисникот на услуга фактура за набавената електрична енергија еден (1) работен ден по приемот на извештај за набавка. Во фактурата треба да се наведе архивски број на Индивидуалниот договор, како и периодот на набавка.
(2) Фактурата може да биде издадена и во електронска форма заверена со валиден електронски потпис (сертификат). Прифатливи електронски потписи (сертификати) се сертификати издадени од KIBSTrust, Македонски Телеком и сертификати кои се на листата на EU Trusted Lists of Certification Service Providers https://eidas.ec.europa.eu/efda/trust-services/browse/eidas/tls .
(3) Фактурите се доставуваат на е-маил адреса: rezervna.moknost@elem.com.mk , додека фактурите кои се издадени без електронски потпис, заверени и потпишани од овластено лице, првично се доставуваат на е-маил адреса: rezervna.moknost@elem.com.mk, а потоа преку архивата на корисникот на улсуга.
(4) Исплатата за испорачаната електрична енергија ќе се изврши еден (1) работен ден по прием на фактурата на е-маил адреса: rezervna.moknost@elem.com.mk. Ако рокот за исплатата е во неработен ден, исплатата ќе се изврши во текот на наредниот работен ден. Работни денови се сметаат сите денови од понеделник до петок, со исклучок на празниците во Република Северна Македонија.
(5) Сумите наведени во индивидуалниот договор не вклучуваат ДДВ, освен ако не е наведено поинаку. ДДВ по однос на Договорот ќе биде утврдено во согласност со Законот за ДДВ.
(6) Давателот на услуга ќе изготви фактура за набавената електрична енергија во денари (МКД) според официјалниот среден девизен курс за валута евро (ЕУР) на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на фактурирањето и корисникот на услуга ќе го изврши плаќањето на фактурата во денари (МКД) на жиро-сметка на давателот на услуга во согласност со упатството дадено во фактурата. Врз основа на вредноста на електричната енергија во денари ќе се пресмета и ДДВ кое ќе се вклучи во фактурата. Износот на ДДВ треба да биде јасно наведен во фактурата со користење на локалната валута – денари.
(7) Доколку давателот на услугата не е регисриран во Република Северна Македонија, тој ќе изготви фактура за набавената електрична енергија со валута евро (ЕУР) и корисникот на услуга ќе го изврши плаќањето на фактурата во евро (ЕУР) на жиро-сметка на давателот на услуга во согласност со упатството дадено во фактурата.
(8) Ако корисникот на услуга не ја изврши исплатата или делумно ја изврши, тој е обврзан да исплати законска казнена камата и тоа од денот на достасаноста до денот на целосна исплата, а во согласност со Законот за облигациски односи.
(9) Секоја од договорните страни плаќа кон сопствената банка и ги намирува сопствените банкарски провизии.

## БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

**Член 7**

(1) Банкарска гаранција од давателот на услуга за добро и навремено извршување на Индивидуалниот договор не се бара.
(2) Банкарска гаранција од корисникот на услуга за добро и навремено извршување на Индивидуалниот договор не се бара.

**ВИША СИЛА**

**Член 8**

(1) Случај на виша сила го ослободува давателот на услуга од обврската да испорача елективна енергија и корисникот на услуга да преземе енергија во согласност со овој Индивидуален договор.
(2) Виша сила во смисла на овој Договор подразбира вклучително, без ограничувања, една или повеќе од следниве околности:
   - непредвидливи природни појави поврзани со природни катастрофи (поплави, земјотреси, пожари и слично) што се официјално објавени од надлежните институции во РС Македонија,
   - дејствија на државните институции во РС Македонија кои се официјално објавени од нивна страна, кои ѝ оневозможуваат на договорната страна да ја изврши својата испорака или прифаќање на обврските,
   - воведување или почитување на какви било закони, согласности, прописи, уредби, пресуди, налози, резолуции во сила, или барање од кои било државни органи во РС Македонија, освен барање што се однесува на парична исплата, што ѝ оневозможуваат на договорната страна да ја изврши својата испорака или прифаќање на обврските што не се донесени поради дејствија на ниту еден од договорните страни,
   - војна, непосредна воена закана, експлозија или др., официјално објавени од надлежните институции во РС Македонија,
   - настан надвор од разумна контрола на страната барател којшто не би можела да го избегне или надмине и кој извршувањето на Договорот или прифатените обврски ги прави невозможни, вклучиво, но не и ограничено на:
      - дефект на комуникациите или компјутерските системи на релевантниот мрежен оператор што ја спречува страната барател за извршување на својата обврска за испорака или прифаќање, или
      - суспензија на испораките или прифаќањата од страна на релевантниот мрежен оператор.
(3) Доколку, поради виша сила, едната страна не може, целосно или делумно, да извршува кои било од своите обврски за испорака или прием на електрична енергија, се смета дека не се случило прекршување или неисполнување на договорните обврски од страната барател и таа се ослободува (наместо само времено да ѝ се суспендираат) од оние обврски што се погодени од настанувањето на вишата сила во временски рок и во онаа

мера во која таквата виша сила ја спречува страната и ја оневозможува да ги извршува договорните обврски. Страната барател не е предмет на какви било обврски за исплата на обесштетување во однос на количествата што не биле испорачани или примени.

(4) Страната барател, во најкраток можен рок, откако ќе стане свесна за настанување на вишата сила ја известува другата страна во писмена форма за започнување на дејствието предизвикано од вишата сила, неговата природа и доколку е тоа можно ѝ дава необврзувачка процена за обемот и очекуваното времетраење за својата оневозможеност да ги извршува договорните обврски. Страната барател ги вложува сите комерцијално разумни напори да ја поправи состојбата и да ја отстрани, колку што е тоа можно, причината за својата оневозможеност за извршување на договорните обврски, на тој начин ублажувајќи ги последиците на вишата сила. Во текот на продолженото траење на настанувањето на вишата сила ѝ обезбедува на другата страна разумни и ажурирани информации за обемот и за очекуваното времетраење на својата онеспособеност за извршување на договорните обврски под услов, ако решавањето на штрајковите, прекините на работењето и другите трудови конфликти се целосно во надлежност на засегнатата страна што се повикува на постоење виша сила.

(5) Страната барател веднаш ја известува другата страна за преземените мерки за заштита и елиминирање на настанувањето на виша сила, вклучувајќи и итно известување за завршување на настанот на виша сила.

(6) Во случај кога давателот на услуга е ослободен од обврските за испорака поради настанување на виша сила, корисникот на услуга, исто така, се ослободува од соодветните обврски за прием и за плаќање. Во случај, доколку корисникот на услуга е ослободен од обврските за прием поради виша сила, давателот на услуга, исто така, се ослободува од соодветните обврски за испорака.

## НЕИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

(1) Доколку давателот на услуга не успее да ја испорача целата или дел од договорената електрична енергија во согласност со овој Договор и со Индивидуалниот договор, а при тоа нема случај на виша сила, или неиспораката на електричната енергија не е последица на околности за кои корисникот на услуга е одговорен, давателот на услуга ќе му исплати на корисникот на услуга паричен износ како надомест за штетите за тие количини на неиспорачана електрична енергија еднаков на производот од разликата помеѓу договорената цена за електричната енергија според Индивидуалниот договорот и цената за која корисникот на услуга е или бил во можност да да ја набави неиспорачаната електрична енергија на пазарот (доколку е повисока), и целата количина неиспорачана електрична енергија.

(2) Таквиот износ ќе биде утврден на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни преносни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци што ги сноси корисникот на услуга како резултат на неуспехот на давателот на услуга.
(3) Во случај кога давателот на услуга количината на електрична енергија која треба да ја испорача и која е најавена кај систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија не може да ја испорача во точка на испорака, пенализацијата што е предвидена од страна на систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија ќе биде на товар на давателот на услуга во целост.
(4) Доколку корисникот на услуга не успее да ја преземе целата или дел од договорената електрична енергија во согласност со овој Договорот и Индивидуалниот договор, а при тоа нема случај на виша сила, или непреземањето на електричната енергија не е последица на околности за кои давателот на услуга е одговорен, корисникот на услуга ќе му исплати на давателот на услуга паричен износ како надомест за штетите еднакв на производот од разликата помеѓу договорената цена за електрична енергијата според Индивидуалниот договор и цената по која давателот на услуга е или бил во можност да ја продаде непревземената електрична енергија на пазарот (доколку е пониска), и количината на непреземена електрична енергија
(5) Таквиот износ ќе биде утврден на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни преносни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци што ги сноси давателот на услуга како резултат на неуспехот на корисникот на услуга.
(6) Во случај кога корисникот на услуга количината на електрична енергија која треба да је преземе и која е најавена кај систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија не може да ја преземе во точка на испорака, пенализацијата што е предвидена од страна на систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија ќе биде на товар на корисникот на услуга во целост.
(7) Договорната страна како резултат на некоја од причините наведени во член 9 од овој Договор, пресметува надомест за обесштетување на вкупно договорените, а неиспорачани/непреземени количини на електрична енергија соодветно, и тој износ го фактурира на договорната страна која не ја исполнила обврската во рок од 5 дена по доставување на барањето за прекинување на Договорот. Исплатата на фактурата се врши во рок од 8 дена од доставувањето на фактура фактура во архивата на договорната страна. Фактурата се дополнува со документ во кој се даваат информации за пазарната набавна/продажна цена која е користена во пресметувањето на надоместокот на штетите.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

(1) Секоја од договорните страни има право да го раскине овој Договор во постапка со известување (по факс или по препорачана пошта) во следните случаи:

- доколку давателот на услуга не му ја испорача договорената електрична енергија на корисникот на услуга согласно Индивидуалниот договор и овој Договор;
- доколку корисникот на услуга не ја преземе електричната енергија и/или не ја плати електричната енергија на давателот на услуга согласно со овој Договор и со Индивидуалниот договор,
- доколку една од договорните страни е во ликвидација или во стечај или е поведена постапка за наплата на побарувања од страна на доверителот/доверителите и која (поради висината на побарувањето од доверителот) може да доведе до битно намалување на средствата на другата договорна страна.

(2) Договорната страна која се повлекува од овој Договор од материјална причина наведена во горниот став ќе го пресмета надоместокот за раскинување на Договорот според принципот за пресметување на надоместокот за неприфатената/неиспорачана количина на електрична енергија од член 9 од Договорот. При пресметувањето на компензацијата, договорната страна која се повлекува од Договорот може да ја процени загубата поради предвременото раскинување на Договорот, дури и ако последователно не склучува трансакции за замена по сопствена дискреција. Покрај надоместокот, договорната страна која е одговорна за причината за повлекување од Договорот е должна да плати и надомест за секоја поголема штета и сите трошоци што ги сноси во овој поглед на договорната страна која се повлекува од Договорот. Договорната страна која е одговорна за причината за повлекување од Договорот е должна да го плати надоместокот на договорната страна која се повлекува од Договорот во рок од 15 (петнаесет) дена од барањето.

(3) Договорна страна може да побара раскинување на договорот на доброволна основа поради неприменливост на истиот поради;
   - измена на законски или подзаконски акти
   - интерни одлуки на Друштвото
   - промена на критериумите или дефинираните тендерски услови поради промена, дополна или измена на “Правилата за набавка на електрична енергија во текот на денот” , или нивно ставање вон сила.

приотоа, доколку во моментот на донесување на одлуката за раскинување на договорот постојат активни финансиски или други облигации помеѓу договорните страни, истите остануваат на сила да нивно завршување.

(4) Антикорупциска клаузула: Ако во врска со овој Договор, некое лице во свое име или во име на друга страна, на нејзиниот потписник или претставник или застапникот или на кое било лице вработено во страната или врши некоја вид на работа за страната, се обврзува, нуди или дава каков било вид несоодветна предност со цел да му се додели договор или да и се додели договор под поповолни услови или со цел да се откаже од должно внимание при извршување на договорните обврски или кое било друго дејствие или пропуст, предизвикувајќи штета на другата страна или давајќи несоодветна предност на

потписникот, претставникот, застапникот или кое било друго лице вработено во страната или врши каков било вид работа за неа, овој Договор е ништовен и неважечки.

**ДОВЕРЛИВОСТ**

**Член 11**

(1) Договорните страни се согласни обврските утврдени во овој Договор да се сметаат за доверливи и да не се откриваат на трети лица, ниту пак да се објавуваат во текот на важење на овој Договор, освен доколку е неопходно некоја информација да стане јавна на барање на државните органи или извршните тела на компетентни меѓународни организации каде членуваат Република Северна Македонија и/или АД ЕСМ-Скопје.

**ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ**

**Член 12**

(1) Секоја од договорните сдтрани нема право да ги пренесе сопствените права и обврски од овој Договор и од Индивидуалниот договор, без претходна писмена согласност од другата договорна страна, кон трета страна и тие да станат ефективни по потврдата дека писмената забелешка е примена од страна на другата договорна страна.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН, СПОРОВИ**

**Член 13**

(1) Применлив закон: На примените на овој Договор и на Индивидуалниот договор ќе важат законите во РС Македонија.
(2) Спорови: Во случај на спор и недоразбирање кои би можеле да произлезат од овој Договор и Индивидуалниот договор, договорните страни ќе се обидат да го решат на спогодбен начин, по пат на преговарање.
(3) Сите спорови од овој Договор и од Индивидуалниот договор коишто нема да бидат разрешени по пат на преговори, ќе се решаваат во Основниот граѓански суд Скопје.

**ТЕХНИЧКА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

**Член 14**

(1) Извештајот за набавка на електрична енергија, забелешките или другите документи испратени од една договорна страна кон друга, поврзано со Договорот, ќе се испраќаат по електронски пошта на одговорните лица наведени подолу. Документите испратени по факс ќе се сметаат дека се примени во моментот кога факс-машината од која се испраќаат документите ќе го потврди преносот.

**Корисник на услуга: АД ЕСМ-Скопје**

| | |
|---|---|
| Одговорно лице: | Лазо Узунчев |
| Тел: | +389 2 3149-262<br>+389 2 3149-240<br>+ 389 2 3113-570 |

| | |
|---|---|
| Лице за контакт: | Антонио Ивановски<br>Горан Митрески |
| Тел: | +389 2 3149-262<br>+389 2 3149-240<br>+ 389 2 3113-570 |
| E-mail: | rezervna.moknost@elem.com.mk |

| Деспечери во ДЦ на АД ЕСМ | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Тони Митровски | 5. | Ригон Бериша |
| 2. | Александар Бокан | 6. | Муаз Халими |
| 3. | Силвана Ристовска | 7. | Верица Стојковска |
| 4. | Билјана З. Стојаноска | 8. | Симона Георгиевска |

| | |
|---|---|
| Тел 24/7 | + 389 75 275-756<br>+389 2 3149-109, |
| E-mail: | dispeceri@elem.com.mk;<br>rezervna.moknost@elem.com.mk |

| Одговорни лица за скедулирање | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Ана Мешко | 3. | Стефанија Ефремова |
| 2. | Кристина Младеновска | 4. | Наташа герасимовска |

| | |
|---|---|
| Тел 24/7 | + 389 75 275-756<br>+389 2 3149-109, |
| E-mail: | dispeceri@elem.com.mk;<br>rezervna.moknost@elem.com.mk |

**Давател на услуга**: ____________________________________________

Одговорно лице:

Тел: ______________________

Факс: ______________________

E-mail: ___________________________________

Тел 24/7: ___________________________________

Факс: ____________________________

E-mail: ____________________________

Лице за Контакт: ____________________________

Тел: ____________________________

Факс: ____________________________

E-mail: ____________________________

**ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

(1) Сите измени и дополнувања на овој Договор се изготвуваат во писмена форма со согласност на договорните страни со анекс- договор. Доколку одредени одредби од овој Договор се или станат неважечки, со тоа нема да биде нарушена важноста на останатите одредби од овој Договор.

**ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 16**

(1) Овој Договор стапува во сила од денот на потпишување од двете договорни страни и ќе важи сè додека една од договорните страни не побара негово раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

(1) Овој Договор е напишан на македонски јазик со кирилско писмо во четири истоветни примероци, од кои по два примерока за секоја договорна страна .

АД ЕСМ ____________________________

м-р Лазо Узунчев ____________________________________